Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 22-107/18
10.06 2025 год.
ОБЛЕШЕВО

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 , 51/11, 123/12, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „ Службен веник на Република Северна Македониаја“ бр.89/22,171/22 и 3/25), Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево , на ден 10.06.2025 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА

1. За планскиот документ **Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Облешево со разработка на Блок 16 и Блок 25, КО Облешево, Општина Чешиново-Облешево Плански период 2024-2034 Предлог план, не е** потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Чешиново -Облешево : **www.cesinovo-oblesevo.gov.mk**.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата , содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, одобрувањето на планскиот документ **Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Облешево со разработка на Блок 16 и Блок 25, КО Облешево, Општина Чешиново-Облешево Плански период 2024-2034 Предлог план, нема да има влијание врз животната средина** од следните причини: Со планскиот документ, на ниво на плански опфат се предвидиваат следните намени А1-домување во куки, Б1.9-Пошти, поштенски кацеларии, канцеларии за прием на пратки, Б2-Големи единици за трговија, В3- Култура, В5.1-Црква, Д1-Парковско и пејзажно зеленило, Д2-зашитно и сообраќајно зеленило, Е1.1-Сообраќајни патни инфраструктури, Е1.11-инфраструктури за одводнување, односно намени кој не ја загадуваат околината, не создаваат емисии на штетни материи, не создаваат бучава, не се очекува значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето.Влијанијата кои ќе се јават во фаза на градба се проценуваат како малку значајни и со ограничен временски рок.

4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Изготвил/МСЈ,

Градоначалник,
Далибор Ангелов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО